# Народна банка на Република Македонија

Дирекција за финансиска стабилност и банкарска регулатива

**УПАТСТВО**
**за изменување на Упатството за спроведување на Одлуката за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности**

октомври 2017 година

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 26 став 3 од Одлуката за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности („Службен весник на Република Македонија" бр. 163/08 и 144/09), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**УПАТСТВО**
**за изменување на Упатството за спроведување на Одлуката за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности**
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 154/2017)**

1. Во Упатството за спроведување на Одлуката за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/10), во точка 5 став 1 алинејата 5 се менува и гласи:

„- Позициите кај кои е предвидена примена на различен вид каматна стапка во различни временски периоди до рокот на достасување, се распоредуваат во соодветниот образец (ФКС, ВКС или ПКС), во зависност од видот на каматната стапка што ќе се применува во соодветниот временски период. Притоа, банката е должна во соодветните обрасци да ги внесе износите од овие позиции коишто достасуваат во временските периоди во кои се применува различен вид каматна стапка. По исклучок, позициите со еднократна отплата кај кои е предвидена примена на различен вид каматна стапка во различни временски периоди, се распоредуваат во образецот ФКС, ВКС или ПКС, според видот на каматната стапка којашто се применува на датумот на известување и се смета дека видот на каматната стапка ќе остане ист до рокот на достасување;"

2. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе се применува од 1 јануари 2018 година.

**У. бр. 33039**
**26 октомври 2017 година** **Гувернер**
**Скопје** **Димитар Богов**